РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УП1 Број: / Numer: 0802-15
30.01.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 77/21 и 154/23), согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), во врска со Предлогот Уп1 бр.0802-15 од 12.01.2024 г. и Предлогот Уп1 бр.0802-15 од 29.01.2024 г. од д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а согласно Заклучокот, арх.бр.0201-399/7 од 29.01.2024 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на првото продолжение на 4-та седница одржано на 29.01.2024 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување**

СЕ ЗАПИРА покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво (ТРД) РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-78 од 07.09.2023 година.

## Образложение

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) на 3-та седница одржана на 15.01.2024 г., со Заклучок, арх.бр.0201-234/4 од 15.01.2024 г., го усвои Предлогот Уп1 бр.0802-15 од 12.01.2024 г., за покренување на постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје, доставен од предлагачот, д-р Зоран Трајчевски, директорот на Агенцијата и покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-78 од 07.09.2023 г., поради тоа што по извршениот вонреден, административен надзор, во Извештајот арх.бр.0305-119/1 од 09.01.2024 г., беше констатирано дека радиодифузерот не ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (Пречистен текст) арх.бр.01-3953/1 од 31.10.2023 г.

Во врска со тоа, од страна на Агенцијата на 16.01.2024 г. до погоренаведениот радиодифузер беше испратен Допис Уп1 бр.0802-15 од

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

16.01.2024 г., со кој беше известен дека доколку не ја достави потребната документација од која што ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во погорецитираниот Правилник, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање на дозволата, ќе донесе одлука за одземање на дозволата за радио емитување. Известувањето Уп1 бр.0802-15 од 16.01.2024 г., беше доставено преку службено лице (доставувач) на Агенцијата со Книга за место на Агенцијата до ТРД РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје и уредно примено од радиодифузерот истиот ден, на 16.01.2024 г.

На 29.01.2024 г. до директорот на Агенцијата, од страна на Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права, доставен е Писмен извештај за извршен вонреден административен надзор арх.бр.0305-498/1 од 29.01.2024 г., со кој е констатирано дека ТРД РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, по што од страна на директорот до Советот на Агенцијата доставен е Предлог арх.бр.0802-15 од 29.01.2024 г., за донесување решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-78 од 07.09.2023 г.

Следствено на сето погоре наведено, врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка, во врска со Предлогот Уп1 бр.0802-15 од 12.01.2024 г. и Предлогот Уп1 бр.0802-15 од 29.01.2024 г. од д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Заклучокот, арх.бр.0201-399/7 од 29.01.2024 г., Советот на Агенцијата на првото продолжение на 4-та седница одржано на 29.01.2024 г., ја запре покренатата постапка за одземање на дозволата Уп1 бр.08-78 од 07.09.2023 година на ТРД РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје.

Врз основа на погоренаведеното се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Трговско радиодифузно друштво РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговско радиодифузно друштво РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за финансии и логистика; и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на Уписникот Уп1.